ИЗВЕШТАЈ ОД ПОСЕТАТА НА СКОПСКИОТ АЕРОДРОМ ,, АЛЕКСАНДАР ВЕЛИКИ “

Посетата се изведе на ден 31.10.2014 (петок) како дел од ученичкките екскурзии и посета на знаменитости и установи.






Посетата беше организирана и реализирана во соработка со Советот на родители на ООУ ,, Тихомир Милошевски “ и одговорните наставници од предметна настава: Зоре Анастасова, Дилба Исакоска, Анета Божиновска, Љубица Тримоска, Гордана Менкиноска, Тања Крстевска, Верче Маневска Стефанова, Александра Петковска и психологот на училиштето Ирена Мирчевска.





Целта на посетата беше учениците да се запознаат и да ги прошират знаењата за воздухопловниот сообраќај, правилата и прописите кои важат на аеродромот и на другите аеродроми во светот од моментот на пристигнување на аеродромот до негово напуштање.





Учениците се запознаа и со дел од персоналот на аеродромот, беа сведоци на слетување и полетување на авионот на една авионска компанија, остварија средба и направија интервју со пилотот од единицата за гаснење пожари, Никола Давидов и одблиску се запознаа со авионите за противпожарна заштита.





Учениците имаа можност да им поставуваат прашања на менаџерот на аеродромот, одговорната за односи со јавност, лица задолжени за безбедноста на аеродромот и пилоти на авиони.